РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2203/1
12-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-4011/1 од 22.08.2023 година против службените лица -----------, ректорот на Универзитет ------------------ и проректорот за наука, ------------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата делумно се потврдуваат, констатирана е повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ---------------, по што по спроведена постапка за порамнување за констатираниот прекршок, лицето изврши уплата на пропишаната глоба во законски предвидениот рок.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4011/1 од 22.08.2023 година е оформен по пријава од познат подносител со наводи за судир на интереси кај ректорот на Универзитет ------------- и проректорот за наука ------------------. Во пријавата се наведува дека е овозможено вклучување како партнер во меѓународен проект на ---------------, кој е во сопственост на Ректорот на универзитетот, и вклучување како стратешки партнер на конференции на ----------------, кој е во сопственост на проректорот ----------------.
Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до Универзитетот ------------------ со барање за информации и врз основа на добиениот одговор се констатира следново:
По однос на прашањето дали на проект „-----------------------------, е вклучен Ректорот на Универзитет „------------------------ е појаснето дека на Универзитет „---------------------не е имплементиран проектот -------------------------.
Имено, се работело на проектна документација од -------------- Програмата на Европска унија, која не била и нема да се финансира, ниту имплементира. Согласно член 5 од Правилникот за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитет --------------- од 21.09.2018 година (со важност

до 30.09.2023) дадена била согласност за учество, за кофинансирање и назначено е контакт лице на проектот ------------------. За овој проект не е одреден Раководител на проект и тим на учесници не е формиран, бидејќи овој проект не е одобрен.

По однос на прашањето дали како партнер во гореспоменатиот проект се јавува ------------------ доставен е одговор дека во фазата на апликација Универзитет „------------------ немал партнери, туку бил самостоен партнер. Носителот-апликантот на проектот бил ------------------ кој ги одбирал потенцијалните партнери и помеѓу рамноправните партнери со универзитетот, а избран од споменатиот Институт бил и ------------------, кој е во сопственост на Ректорот на универзитетот, ----------------------.

Во документацијата која е доставена во прилог се гледа дека во Апликацијата за споменатиот проект од 29.06.2023 година, во делот на партнери на проектот наведени се ------------------------ со партнер Општина -----------------, како и Универзитетот ----------------. ------------------ учествува со буџет од 130.200.oo евра, додека универзитетот со 39,900.oo евра.

По проверка во Дистрибутивниот систем на Централен регистер на РСМ е утврдено дека како еден од сопствениците на -----------------------, се јавува лицето ----------------------.

Чекори кои се преземени од страна на универзитетот кои се однесуваат на споменатиот проект се:

- Дадена е согласност на проектна документација и назначување на контакт лице за проект „---------------------- на 292 седница на Ректорска управа одржана на 31.08.2023 година. Со седницата претседавал Ректорот -----------------.
- Дадена е согласност за кофинансирање со 15% за проект „--------------------------------“ на 292 седница на Ректорска управа одржана на 31.08.2023 година, со седницата претседавал Ректорот ------------------------.
- Донесена е Одлука за давање согласност на проектна апликација и назначување контакт лице со бр. 14-728/8-1 од 29.06.2023 година. Одлуката е потпишана од Ректорот. ------------------, а се однесува на проектот „------------------------- каде како еден од партнерите се јавува и Институт---------------------- во негова сопственост.
- Донесена е Одлука за давање согласност кофинансирање со бр. 14-728/8-1 од 29.06.2023 година. Одлуката е потпишана од Ректорот ---------------; а се однесува на проектот „------------------------- каде како еден од партнерите се јавува и Институт -------------- во негова сопственост.

Со потпишување на наведените акти: Одлука за давање согласност на проектна апликација и назначување контакт лице со бр. 14-728/8-1 од 29.06.2023 година и Одлука за давање согласност кофинансирање со бр. 14-728/8-2 од 29.06.2023 година, кои се однесуваат на проектот „----------------------------и на англиски јазик -------------------------, во кој проект како еден од партнерите (избран од Носителот апликант на проектот ---------------------) се јавува и ------------------------, кој видно од Тековна состојба на субјектот е во сопственост и на службеното

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

лице--------------------, истото лице се нашол во состојба на судир на интереси што согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Именуваниот иако знаел дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, не се изземал и не запрел со своето постапување, туку ги потпишал наведените акти.

Според констатираната фактичка состојба која произлегува од прибавената документација, службеното лице --------------- сторил прекршок на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон. Поради тоа, ДКСК согласно своите законски надлежности, за констатираниот прекршок состави Записник за констатиран прекршок со бр. 09-1474/3 од 18.12.2024 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-1474/4 од 18.12.2024 година за лицето -------------. На ден 10.01.2025 година со допис заведен со бр.09-150/1, лицето ----------------- до ДКСК достави доказ за уплата на пропишаната глоба за сторениот прекршок.

За сторената повреда ДКСК не може да покрене Иницијатива за утврдување на одговорност на службеното лице, ректор на Универзитет „------------- согласно член 17 став 4 од ЗСКСИ, бидејќи согласно член 97 став 5 од Законот за Високо образование, Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

По однос на делот од наводите за судир на интереси кај проректорот за наука --------------- заради вклучување на -----------------, каде што службеното лице се јавува како еден од сопствениците, на Меѓународна научна конференција ------------------ во која истото лице е Координатор, по добиените податоци од Универзитетот е утврден дека споменатата конференција се одржала на 6 Ноември 2023 година во ------------. Универзитетот --------------- немал било какви права и обврски (финансиски или други), освен обезбедување на организациски и технички активности поврзани со реализација на Конференцијата во ------------- како домаќин, главен организатор бил --------------- при Универзитетот од ------------. Проректорот за наука, ---------- не бил координатор на конференцијата, туку на состанок на ректорскиот колегиум одржан на ден 04.07.2023 година, бил донесен став со кој се овластиле проректорот за наука ------------ и проректорката за студентски работи ------------- да ги преземат потребните активности за организација и реализација на Меѓународна научна конференција „------------- По однос на партнерите на споменатата конференција, Универзитетот не располагал со одлука или други официјална податоци, бидејќи партнерите биле избрани од страна на организаторот на конференцијата ---------------. Приложена е поканата од организаторот од која не може точно да се утврди листата на партнери. Врз

основа на вака добиената документација ДКСК не може да утврди повреда на член 75 од ЗСКСИ кај лицето ----------------.

Со тоа е исцрпено постапувањето на ДКСК во овој предмет и нема елементи за натамошно постапување, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б – член на ДКСК